# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 точка 10 од Законот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 103/01, 37/02, 41/02, 61/02 и 42/03) и член 64 став 2 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

Одлука
за дополнување на Одлуката за утврдување на критериумите за издавање на дозвола за вршење на платен промет во земјата
("Службен весник на Република Македонија" бр. 73/05)

член 1

Во Одлуката за утврдување на критериумите за издавање на дозвола за вршење на платен промет во земјата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2001), по членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

"Носителот на платен промет на кого му е одземена дозволата за вршење на платен промет во земјата е должен да го достави решението за извршување кое е во постапка на извршување до органот кој донел решението за извршување, во рок од 2 работни дена заедно со известување за статусот на решението за извршување за да се пренесе на друг носител на платен промет.

Носителот на платен промет на кого е пренесено изменетото решение за извршување согласно со став 1 од овој член, ќе го сервисира известувањето доставено до банките преку Единствениот регистер на иматели на сметки, согласно со член 17 став 4 од Законот за платен промет, со кое им се забранува на банките да вршат платен промет за должникот."

член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/VII-1/2005
25 август 2005 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер
М-р Петар Гошев, с.р.

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB